There are no translations available.

На задоволство на месното население од село Курија, како и други граѓани кои транзитираат во тој реон, извршен е технички прием и во функција е ставена новоасфалтираната улица во селото во должина од 531 метри. Улицата е изградена според сите пропишани стандарди и истата ќе обезбеди побезбедно одвивање на сообраќајот и движење на пешаците на овој потег, полесен и побезбеден пристап до земјоделските површини, транспорт на земјоделски производи и други стоки . Општина Неготино преку договорот за грант со Министерството за финансии ги обезбеди потребните финансиски средства за комплетна изградба на улица во село Курија. Станува збор за грант во висина од 3.695.970 денари кој е доделен за успешно спроведен под-заем проект MSIP2-SIG-NCB-037-22 преку проектната единица на Министерство за финансии и МСИП2 проектот за подобрување на општинските услги а со финансиска поддршка од Светска банка. При реализацијата на овој проект општината обезбеди дополнителни средства за кофинансирање од општинскиот Буџет.





